# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 15, година XLVI**
**Четврток, 17.11.2016**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за развојни планови во Општината Битола за периодот од 2017 до 2019 год.**

1. Ја објавувам Програмата за развојни планови во Општината Битола за периодот од 2017 до 2019 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2016 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1301/1
17.11.2016 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 21 и чл.29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05, 4/08 и 103/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2016 год., донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за РАЗВОЈНИ ПЛАНОВИ во Општина Битола за периодот од 2017 до 2019 год.**

Со оваа Програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата започнува со реализација во 2017 г., а плановите опфатени со неа имат рок за реализрање во наредните 3 години, поточно заклучно со 2019 година. Планираните средства на оваа тригодишна развојна програма изнесуваат **538.282.890,00 денари**. (Прилог 1- составен дел на оваа програма)

Средствата во висина од **199.493.508,50 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2017год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **154.717.263,50 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2018год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1

Средствата во висина од **184.072.118,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2019год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1

Планираните средства за реализација на проектот „Реконструкција на стадионот под Тумбе кафе“ се намалуваат за 390.694.909,00 денари заради тоа што во наредниот тригодишен период Општина Битола ќе пристапи кон изградба на северната трибина од стадионот под Тумбе кафе.

Планираните средства за „Реконструкција на дел од улица „Владимир Назор“ со изградба на кружен тек кај бензинската пумпа „Лук Оил“ “ нема да се реализираат

бидејќи овој кружен тек поточно сообраќајното решение на овој дел од улицата „Владимир Назор“ сегашна „8-ми Септември“ ќе се реализира со „Проектот за реконструкција на улица 8-ми Септември како дел од магистрален патен правец А3 поранешен М5 во рамките на ГУП на Битола“ за кој се очекува реализација со средства од Влада на РМ. “

Расходите за изградба и реконструкција на улици, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, изградба на системи за водоснабдување, изградба на јавно осветлување, изградбата на киното, реконструкција на стадионот и изградбата на други објекти ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата.

Динамиката на реализацијата, со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот и Комисијата за јавни и комунални дејности, а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

– За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.
– Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до крајот на наредната годината, односно до донесување на наредната Програма за Развојни планови и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-116/3
14.11.2016 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

# ПРИЛОГ 1

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

## НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ
## од 2017 до 2019година

| Ред бр. | Име на буџетска програма | Име на развојна програма | Планирани работи за изведување | Износ за 2017 во ден | Износ за 2018 во ден | Износ за 2019 во ден |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JD | | **Изградба и реконструкција на улици и локални патишта** | | | |
| 1 | | JDZ | Изградба на улица СРУ1 во АРМ | 10.000.000,00 | / | / |
| 2 | | JDI | Реконструкција на улица „Илинденска“ | 9.000.000,00 | 9.000.000,00 | 9.569.417,00 |
| 3 | | JDS | Реконструкција на улица „Солунска“ | 5.756.000,00 | 7.000.000,00 | 7.000.000,00 |
| 4 | | JDA | Изградба на улици во с. Долно Оризари | 7.000.000,00 | 7.000.000,00 | 7.178.000,00 |
| 5 | | JDB | Изградба на дел од улица „Димитар Робев“ и крак од улица Михаил Апостолски – Дончо до спој со улица „Новачки пат“ | 8.000.000,00 | 8.000.000,00 | 8.610.366,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JI | | **Изградба на систем за одведување и пречистување на отпадни води** | | | |
| 6 | | JIZ | Изградба на атмосферска и фекална канализациона мрежа во АРМ четврт 1 и АРМ четврт 2 ( атмосферска и фекална канализациона мрежа на улица СРУ1 во АРМ четврт1 и фекална канализациона мрежа во АРМ четврт 1 и АРМ четврт 2) | 21.045.196,00 | / | / |
| 7 | | JIS | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Солунска“ | 7.000.000,00 | 7.000.000,00 | 6.000.000,00 |
| 8 | | JII | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Илинденска“ | 7.000.000,00 | 7.000.000,00 | 8.069.055,00 |
| 9 | | JIB | Изградба на канализацилна мрежа на дел од улица „Димитар Робев“ и крак од улица Михаил Апостолски – Дончо до спој со улица „Новачки пат“ | 4.000.000,00 | 4.447.495,00 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JG | | Изградба на систем за водоснабдување | | | |
| 10 | | JGZ | Изградба на систем за водоснабдување во АРМ четврт 1 и АРМ четврт 2 | 392.136,00 | / | / |
| 11 | | JGS | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Солунска“ | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| 12 | | JGI | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Илинденска“ | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 2.903.242,00 |
| 13 | | JGB | Изградба на водоводна мрежа на дел од улица „Димитар Робев“ и крак од улица Михаил Апостолски – Дончо до спој со улица „Новачки пат“ | 2.000.000,00 | 713.240,00 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JA | | Изградба на јавно осветление | | | |
| 14 | | JAZ | Изградба на осветлување и нисконапонска кабловска мрежа на улица СРУ1 во АРМ | 3.808.571,00 | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | KA | | Културно творештво и манифестации (капитални трошоци) | | | |
| 15 | | KAA | Изградба на кино Манаки | 8.365.877,00 | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | LA | | **Спорт и рекреација (Капитални трошоци)** | | | |
| 16 | | LAA | Реконструкција на други објекти | 99.556.528,50 | 99.556.528,50 | 132.742.038,00 |
| | | | | | | |
| | FD | | **Уредување на простор во рурални средини (Капитални трошоци)** | | | |
| 17 | | FDO | Изградба на други објекти | 1.569.200,00 | / | / |
| | | | | | | |
| | | | **Вкупно по години:** | 199.493.508,50 | 154.717.263,50 | 184.072.118,00 |
| | | | **Сè вкупно:** | 538.282.890,00 | | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Битола за сезоната s2016/2017 година

1. Ја објавувам Програмата за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Битола за сезоната 2016/2017 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1301/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.11.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 5/02") и член 22 став 1 точка 11 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2016 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Битола за сезоната 2016/2017 година

### I. ОПШТ ДЕЛ

Со оваа Програма се предвидува организирање и функционирање на зимска служба на подрачјето на Општина Битола за сезоната 2016/2017 година

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на Општина Битола преку:

- определување на обемот на работите и нивото на чистењето на снегот и голомразицата од коловозните површини;
- дефинирање на работите и обврските на сите учесници одговорни за нејзината реализација;
- определување на потребната механизација, опрема, материјали и работна сила и
- определување на потребните финансиски средства.

### II. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Преку организационата поставеност се дефинира обемот на работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализација на оваа Програма како и начинот на нивното делување.

Координирањето на активностите во зимски услови го врши **Координативно тело** формирано од градоначалникот и составено од претставници на Комисијата за јавни комунални дејности на Советот на Општина Битола, јавната администрација на Општина Битола, Општински инспекторат, јавни претпријатија, УВР Битола и Дирекција за заштита и спасување Битола.

### 2.1. СОВЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Ја усвојува оваа програма и исто така:
- Обезбедува средства за реализација на програмата со нејзино усвојување.
- Го контролира извршувањето на оваа програма,

### 2.2 СЕКТОРОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ-

**Одделение за комунални дејности и уредување на градежното земјиште:**

- Ја организира Зимската служба;
- Врши стручен надзор во извршувањето на Програмата;
- Одлучува со претходна согласност на Градоначалникот за ангажирање на КЈП „Нискоградба„ Битола и други организации согласно со закон;
- Одлучува за вклучување на градежната механизација од градежните претпријатија врз основа на извештаите од КЈП Нискоградба Битола и другите избрани и ангажирани учесници во зимската служба;
- Ги координира активноста на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
- Преку средствата за јавно информирање, информира за работата на Зимската служба и обврските на учесниците;
- Изготвува периодични извештаи и завршен извештај и истите ги доставува до Комисијата за јавни комунални дејности на Советот на Општина Битола.

## 2.3 КЈП „НИСКОГРАДБА“ Битола

- Реализира дел од Програмата за функционирање на Зимската служба;
- Склучува Договор со Републичкиот хидро-метереолошки завод за добивање на временски прогнози;
- Организира редовни дежурства со потребна опрема и алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствена механизација за дејствување во Зимската служба;
- Одговорните работници на дежурството вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- Обезбедува скалдирање, растурање и вградување на сол, песок, ладен асфалт и други материјали;
- Ги припрема возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови и врши тековно одржување;
- Обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата;
- Со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатицата од коловозните површини;
- Ги оспособува канализацијата и сливниците за прием на поголеми количини вода во зимски услови;
- Врши крпење на евентуални дупки на коловозот на улиците по барање на нарачателот;
- Секојдневно и редовно го информира организаторот-нарачателот за работата на зимската служба и надзорниот орган;
- Води целосна документација за Зимската служба;
- Доставува месечен распоред на лица за дежурството со податоци за работна рака и механизацијата, најдоцна до 25-ти во тековниот месец до Општина Битола.

## 2.4 ДРУГИ УЧЕСНИЦИ

- Реализираат дел од Програмата за функционирање на Зимската служба;
- Склучуваат Договор со Републичкиот хидро-метереолошки завод за добивање на временски прогнози;
- Организираат редовни дежурства со потребна опрема и алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствена механизација за дејствување во Зимската служба;
- Одговорните работници на дежурството вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- Обезбедуваат растурање и вградување на сол, песок и други материјали,
- Ги припремаат возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови и врши тековно одржување;
- Обезбедуваат потребни резервни делови за поправка на механизацијата;

- Со специјални машини, опрема и работна рака вршат посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатицата од коловозните површини;
- Водат целосна документација за Зимската служба;
- Секојдневно и редовно го информираат организаторот-нарачателот за работата на зимската служба, и надзорниот орган;
- Доставуваат месечен распоред на лица за дежурството со податоци за работна рака и механизацијата, најдоцна до 25-ти во тековниот месец до Општина Битола.

## 2.5 ГРАДЕЖНА ОПЕРАТИВА

За видот и обемот на вклучувањето на механизацијата на градежните претпријатија одлучува и ја ангажира надлежното **Координативно тело на Општина Битола.** Расчистувањето на снегот со оваа механизација се врши според плановите-шемите за расчистување на сообраќајниците во Општина Битола.

Целокупната документација за учество на градежната оператива ја води КЈП Нискоградба, ангажираните фирми и координативното тело преку задолжените лица и тоа за присуство на механизацијата, времето на вклучување, реализираниот број на работни часови и квалитетот на извршените задачи.

## 2.6 ОДГОВОРЕН ИНЖЕНЕР

- Одговорниот инженер ги врши следните работи:
- Ја следи работата на извршителите на работите и за тоа изготвува комплетна документација,
- Соработува со Органите и телата на Советот на Општината и другите, Дирекција за заштита и спасување, Министерството за внатршни работи на територијата на Општина Битола и другите учесници, претпријатија, заедници и граѓани.
- Дава налози за работа на фирмите на кои е отстапена работата,
- Врши и други работи и работни задачи во врска со реализација на програмата.

## 2.7 СВР Битола-Полициска станица за безбедност во патниот сообраќај

- Го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти. Во исклучителни случаи кога е загрозена безбедноста и нормалното одвивање на сообраќајот може да даде налог на КЈП Нискоградба и другите ангажирани учесници во спроведување на зимската служба за преземање на активности за оспособување на сообраќајниците или одделни делови (критични точки). Исто така врши отстранување на паркираните возила како би се овозможило чистење на улиците.

## 2.8 ЈП „КОМУНАЛЕЦ“ - Битола

- Покрај своите редовни активности врши расчистување од снег на пристапите до контејнерите за смет и околу нив;
- Ги расчистува пешачките зони, тротоарите и пешачките пристапи до објектите кои се од витално значење, а се предвидени со оваа Програма, како и други јавни површини;
- Врши сечење и отстранување од коловоз на паднати дрва и гранки;
- Го отстранува снегот и пристапните патеки во парковите и спомен обележјата во Градот, патеките во гробиштата и други работи сврзани со зимската служба;
- Обврските на ЈП „Комуналец” Битола предвидени со оваа точка се покриваат од цената на ѓубретарината, освен потребите од индустриска сол;
- Контрола врз работата на ЈП Комуналец Битола врши општинскиот комунален инспекторат.

## 2.9 „ЕВН-ЕЛЕКТРО-БИТОЛА“ - Битола

Ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електрични инсталации и објекти.

**2.10 „МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ“**

- Ги превзема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ТТ уреди, инсталациите и телефонските говорници.

**2.11 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕРЕОЛОШКИ РАБОТИ**

- Ги доставува извештаите и прогнозите (дневни, тридневни, неделни и месечни) за временските услови до Општина Битола, КЈП Нискоградба и другите ангажирани учесници во зимската служа.

**2.12 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

- Дирекцијата за заштита и спасување на Општина Битола е непосредно вклучена во работата на зимската служба, со тоа што ќе ја следи работата на зимската служба преку благовремено информирање.
- Во случај на појава на елементарни непогоди од поголеми размери на подрачјето на Општина Битола во зимскиот период, кои не ќе можат да се разрушат со организираноста на зимската служба со оваа програма, Дирекцијата за заштита и спасување на Општина Битола прогласува вонредна состојба и непосредно раководи со акциите за отстранување на последиците. Во вакви случеви трошоците ќе бидат на товар на Општина Битола или од други извори што ќе ги утврдат надлежните органи.

**2.13** **Претпријатијата, заедниците и граѓаните** чии отворени објекти и простори се користат од страна на граѓаните (пазариштата, гробиштата, железничките премини, бензински пумпи, паркиралишта и слични објекти) преземаат брзи ефикасни мерки за отстранување на снегот и голомразицата од овие објекти и простори.

**2.14** **Претпријатијата, заедниците и граѓаните сопственици**, односно корисници на деловни згради и деловни простории (Стоковни куќи, дуќани, продавници и слични објекти) преземаат мерки за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.

**2.15** **Граѓаните односно сопствениците,** станарите и закупувачите на станбените објекти го чистат снегот и голомразицата од тротоарите - патеките и приодите пред своите станбени згради.

Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите при што се води сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградите на начин што обезбедува непречен сообраќај.

**2.16** Здружението на таксисти се грижи за чистење на локациите одредени за нивно паркирање.

**2.17** За сите оние кои нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според одлуката за јавна чистота.

## III. ОБЕМ НА ОДРЖУВАЊЕ

Обемот и начинот на одржувањето на магистралните и собирните улици зависи од:

- густината на населеноста на делови од градот;
- фреквенцијата на луѓе и моторни возила,
- видот и бројот на инфраструктурни објекти,

Коловозните површини предвидени за оспособување во зимски услови на ниво на Општина Битола изнесуваат околу **180 км** и нивното расчистување се одвива по следниот приоритет:

- сообраќајници по кои се одвива јавен градски превоз со критични точки и пристапи кон објекти кои се од витално

значење за Градот-**Сообраќајници од прв приоритет заедно со пристапи;**

- сообраќајници од посебно значење за функционирање на сообраќајот, стопанските и други објекти во Градот и пошироко на територијата на Општина Битола - **Сообраќајници од втор приоритет.**
- **Локални патишта и сообраќајници низ населени места-рурални населби**

Посипувањето на голомразица со сол во услови кога нема снежни врнежи се врши по приоритет-сообраќајници од прв приоритет, сообраќајници од втор приоритрет, на критичките точки-пристапи на сообраќајниците и на локалните патишта на територијата на Општина Битола.

Чистењето на снегот и мразот од улиците во **Стара чаршија и ул. „Широк сокак“ во Битола** ќе подразбира и одвоз.

Чистењето на сообраќајниците и патиштата кои не се предвидени во Оперативната програма ќе се врши само во исклучителни случаеви и со посебен налог на нарачателот, вклучително дел од локалниот пат Трново - Магарево и пунктовите во селата Брусник и Лавци.

## IV. ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ

Одржувањето на магистралните и собирните улици во зимски услови се врши со ангажирање на:

- механизација,
- специјални машини и опрема,
- работна сила и
- средства ( сол, песок и ладен асфалт)

Оспособувањето на коловозните површини се врши во зависност од временските услови и тоа:

- состојба на присуство на голомразици и снежни врнежи до 12 см. (**прва состојба на готовност**) и
- состојба на голомразица и снежни врнежи над 12 см.(**втора состојба на готовност**).

Оспособувањето (расчистувањето) на коловозните површини во **првата состојба** на готовност го врши КЈП „Нискоградба” и другите ангажирани фирми, а во **втората состојба** на готовност го врши КЈП „Нискоградба” и другите ангажирани фирми заедно со градежната оператива, согласно договорените обврски.

**Во првата состојба на готовност** КЈП „Нискоградба” и другите ангажирани фирми со својата ангажирана механизација, работна сила и абразивни средства, врши оспособување на коловозни површини за сообраќај и тоа првенствено на сообраќајници по кои се одвива јавен градски превоз, критични точки и витални објекти-прв приоритет, а потоа на другите сообраќајници – втор приоритет во се според шемите на дејствување. Оспособувањето на улиците за функционирање во зимски услови треба да започне веднаш со почетокот на врнежите, а сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови **за 5 (пет) часа,** сметано од моментот на престанувањето на снежните врнежи. Оспособувањето на останатите сообраќајници – втор приоритет ќе се врши по оспособувањето на сообраќајниците од прв приоритет во рок од 24 часа.

**Во втората состојба** на готовност КЈП Нискоградба и другите ангажирани фирми заедно со градежната оператива врши оспособување на коловозните површини и тоа:

- за сообраќајници од прв приоритет за **6 (шест) часа** сметано од моментот на престанување на снежните врнежи;
- останатите сообраќајници – втор приоритет ќе се оспособуваат веднаш по извршеното оспособување на сообраќајниците од прв приоритет.

Во случај на зголемена потреба ќе се ангажира и дополнителна градежна оператива.

# А. ПРЕГЛЕД НА СООБРАЌАЈНИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ОПФАТЕНИ СО ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА

## 1. Сообраќајници од прв приоритет:

| Ред број | ИМЕ НА УЛИЦА | Должина (м) |
|---|---|---|
| 1 | „4ти Ноември", од сали Мостот до ул.Солунска | 986 |
| 2 | „Прилепска" и „8-ми Септември," од Г.Оризари до мостот на Сали | 4290 |
| 3 | „Филип Втори Македонски" и сообраќајницата олколу Домот на народно здравје | 1812 |
| 4 | „Бул.1-ви мај," од безистен до бензиска пумпа лоцирана на м.в. Довлеџик и обратно, од десната страна до новиот мост на Безистен | 4950 |
| 5 | „Столарска," од ул.„Филип Втори Македонски", до ул.„Никола Тесла," | 480 |
| 6 | „Македонска Фаланга" од просторот околу „Транскоп„ со крак за Буковски гробишта до „Партизанска" | 2300 |
| 7 | „Никола Тесла," од „Бул,1-ви Мај" до Железничка станица | 1900 |
| 8 | „Димитар Илиевски Мурато" од ул.„4-ти Ноември," до „Широк сокак" | 620 |
| 9 | „Климент Охридски„ цела (со дел од „Ленинова" од „Климен Охридски" до „Широк сокак" | 900 |
| 10 | „Партизанска" од „4-ти Ноември" до „ Методија Андонов Ченто„ | 3800 |
| 11 | „Булевар Социјалистичка Револуција" | 840 |
| 12 | „Васко Карангелевски," од „Бул.1-ви мај" до спој со „Ружа Делчева," | 1200 |
| 13 | „Индустриска" од „4-ти Ноември" до „Жито Битола" | 1800 |
| 14 | „ Прогрес" од „Индустриска" кон „Битолатекс" ф-ка за шеќер и ф-ка за Фрижидери до ул.„Македонска Фаланга" | 1950 |
| 15 | „Кукуш" од „8-ми Септември" до преку „7ми Јули" до „Илинденска" | 1150 |
| 16 | „Цар Самоил" | 1600 |
| 17 | „Пецо Божиновски" | 800 |
| 18 | „Видое Смилевски Бато" од „Блаже Конески" до ул.„Методија Андонов Ченто„ | 620 |
| 19 | „Скоевска" без краците што од неа се издвојуваат со дел од ул.„Довлеџик" | 1000 |
| 20 | „Пожаревачка" од ул.„Видое Смилевски Бато" до „Скоевска„ | 550 |
| 21 | „Бул.1-ви Мај" од „4-ти Ноември" до пунктот (десна страна) | 1000 |
| 22 | „Широк Сокак" од „Македонска Фаланга" до Саат кулата со паркиралиштата кај Саат кулата и Домот на културата | 1309 |
| 23 | „Илија Ѓоконовски," со дел од „Прохор Пчински" и „Срем" | 400 |
| 24 | „Св. Нектариј Битолски" од ул.„Копанки" до „4-ти Ноември" | 300 |
| 25 | Пристап за населба „Бадем Балари" од „Бул.1-ви Мај" преку „Драгорска" до самопослугата на ул.„Јорго Костовски" | 500 |
| 26 | „Илинденска" од бензинска пумпа до „Баталјон Стив Наумов" | 930 |
| 27 | „Тошо Даскало," од ул.„Партизанска" до ул.„Пеце Матичевски" | 450 |
| 28 | „Солунска" до спојот со „Леринска" пред 3-та Реонска до „Климент Охридски" | 600 |
| 29 | „ Борисав Радосавлевич-Гоце" од „Партизанска" до ул.„Павел Шатев" | 400 |
| 30 | „Павел Шатев" од „Борисав Радосавлевич-Гоце" до ОУ„Климент Охридски" | 500 |
| 31 | „Ружа Делчева" од „Васко Карангелевски" до „АСНОМ" | 300 |
| 32 | „АСНОМ" од ул.„Ружа Делчева" до ул.„Партизанска" | 400 |
| 33 | Населба „Буковски Ливади" од „Транскоп" дел од ул.„Буковски мост", дел од ул.„Апостол Здравевски" | 2080 |
| 34 | „Илчо Стојановски" од ул.„Апостол Здравевски" до ул.„Митре Врчковски" | 500 |

| | | |
|---|---|---|
| 35 | „Крстин Чулаковски“ од ул.„Апостол Здравевски“ до ул.„Панде Илковски“ | 650 |
| 36 | „Панде Илковски“ од ул.„Илчо Стојановски“ до ул.„Крстин Чулаковски“ | 500 |
| 37 | „Кузман Јосифовски“ од ул.„Цар Самоил“ до ул.„Стив Наумов“ | 500 |
| 38 | „Христијан Карпош“ од ул.„ Илинденска“ до ул.„Сутјеска“ | 350 |
| 39 | „Мирче Ацев“ од „Бул.1-ви мај“ до ул.„Титово Ужице“ | 340 |
| 40 | „Прохор Пчински“ од ул.„Филип Втори Македонски“ до ул.„Св. Нектариј Битолски“ | 220 |
| 41 | „Македонска“ од ул.„Филип Втори Македонски“ до ул.„Прохор Пчински“ | 220 |
| 42 | „Баталјон Стив Наумов“ од ул.„Прилепска“ до ул.„Илинденска“ | 300 |
| 43 | „Стив Наумов,“ од ул.„Цар Самоил“ до ул.„Кузман Јосифовски“ | 900 |
| **44** | **„Борка Левата“ од ул.„Цар Самоил“ до „Бул.1-ви Мај“** | **180** |
| 45 | „Влатко Миленкоски“ од ул.„Никола Тесла“ до ул.„Димитар Илиевскки Мурато“ | 640 |
| 46 | „Охридска,“ од „Васко Карангелевски“ до ул.„Цар Самоил“ | 1400 |
| 47 | „11-ти Октомври“ и „Кирил и Методиј“ до „Ленинова“ | 450 |
| 48 | „Македонски гемиџии” | 1100 |
| 49 | „Рузвелтова“ од Широк сокак до ул.„Столарска“ | 170 |
| 50 | „Стрежево“ | 1000 |
| | **Вкупно:** | **52.130,00м** |

## 2. Пристапи:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | До училиште „Климент Охридски“ од ул.„Партизанска“ | 250 |
| 2 | До детска градинка на ул.„Мирка Гинова“ од ул.„Партизанска“ по ул.„М.Андоновски“ | 250 |
| 3 | До дом на пензионери од ул.„Васко Карангелевски“ | 200 |
| 4 | До ОУ „Елпида Караманди„ од ул.„Васко Карангелевски“ по „Младински Бригади“ | 150 |
| 5 | До ОУ „Стив Наумов“ од ул.„Пецо Божиновски“ | 100 |
| 6 | До детска градинка на ул.„Север –Југ“ - источен крак | 100 |
| 7 | До ОУ „Ѓорги Сугарев“ од „Шехерезада“ по ул.„Јане Сандански“ до ул.„Димитар Влахов“ | 300 |
| 8 | До ОУ „Тодор Ангелевски“ од „Филипм Втори Македонски“ по „Баталјон Стив Наумов“ | 250 |
| 9 | До ОУ „Даме Груев“ од „Прилепска“ по ул.„Гоце Делчев“ | 100 |
| 10 | До студенски дом од „Партизанска“ по ул.„Студентска“ | 350 |
| 11 | До бензинска пумпа од „Партизанска“ по ул.„Стрчин“ | 450 |
| 12 | До Нови гробишта | 800 |
| 13 | До градинка пред бирото за вработување од „Прилепска“ по ул.„Н.Н.Борче“ | 150 |
| 14 | Новачки пат до индустриски пат | 800 |
| | **Вкупно:** | **4.250,00м** |

## 3. Сообраќајници од втор приоритет

| | | |
|---|---|---|
| 1 | „ Наум Наумовски Борче“ од ул.„Прилепска“ до ул.„Илинденска“ | 950 |
| 2 | „Илинденска“ од „Мирче Ацев“ до „Баталјон Стив Наумов“ | 900 |
| 3 | „Дебарска“ од „Димитар Влахов“ до ул.„Јајце“ | 550 |
| 4 | „Димитар Влахов“ од ул.„Баталјон Стив Наумов“ до ул.„Бул.1-ви Мај“ | 920 |
| 5 | „Бул.1-ви Мај“ од мостот кај Сали до сточното пазариште (лева страна) | 1100 |
| 6 | „Даме Груев“ од Сали мостот до ул.„Гоце Делчев“ | 550 |
| 7 | „Гоце Делчев“ од ОУ „Даме Груев“ до ул.„Даме Груев“ | 400 |
| 8 | „Караџова“ со дел од „Брегал-ничка“ до ул. „Гоце Делчев“ | 400 |
| 9 | „Стив Наумов“ од ул.„Кузман Јосифовски“ до ул.„Климент Охридски“ | 220 |
| 10 | „Пеце Матичевски“ од ул.„Климент Охридски„ до ул „Стевче Патако„ | 200 |
| 11 | „Стевче Патако“ од ул.„Пеце Матичевски“ до „Стив Наумов”, „Орде Чопела” | 330 |
| 12 | „Солунска“ од „4-ти Ноември“ до „Климент Охридски“ и од „Леринска“ до „Ѓорги Наумов“ | 2700 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Кружна сообраќајница до населба Ушици 3 (Стрелиште) | 1200 |
| 14 | „Бул.1-ви Мај“ од „Столарска“ , до ул.„Никола Тесла“ | 200 |
| 15 | „Цане Василев“ од ул.„Филип Втори Македонски“ до ул.„Баталјон Стив Наумов“ | 320 |
| 16 | „Алексо Наневски“ заокружувајќи го кругот од ул.„Јонче Мурџевски“ преку „Трајче Стефановски“, „Алексо Наневски“ се до ул.„Б.Радосавлевиќ“ | 1120 |
| 17 | „Тодор Паница“ и „Народни Херои“ до „АСНОМ“ | 850 |
| 18 | „Јорго Костовски“ до „Кирил Пејчиновски“ | 500 |
| 19 | „Илинденска“ од ул.„Мирче Ацев“ по ул.„Кирил Пејчиновиќ“ преку ул.„Трескавец“ до Црн мост на „Бул.1-ви Мај“ и сите други краци | 680 |
| 20 | ул.„Борка Талев“ од ул.„Димитар Влахов“ до ул.„Мирче Ацев“ | 300 |
| | **Вкупно:** | **14.310,00м** |
| + | **Селата: Долно Оризари, Карамани, Трн, Крклино, Лавци, Брусник, Братин Дол, Поешево, Дихово, Ореово и Филтер станица** | |

**4. Локални патишта до следни рурални населени места**:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Бистрица, Кравари, Оптичари, Егри, Крстоар, Олевени, Барешани, Канино, Велушина, Острец, Кишава, Граешница, Лажец, Жабени, Породин, Драгош, Меџитлија и Кременица. | **70.000,00 м** |
| 2 | Цапари, Ротино, Кажани, Доленци, Лера, Ротино, г.Српци, Рамна, Ѓавато и Маловишта | **27.000,00 м** |
| 3 | Кукуречани, Цнобуки, Лосолај, Дагожани, Лопатица, Змирнево, Секирани, Габалавци, Црнеец | **16.000,00 м** |
| | **Вкупно:** | **113.000,00м** |

## Б. МЕХАНИЗАЦИЈА, ОПРЕМА, МАТЕРИЈАЛИ И РАБОТНА СИЛАВО ПРВАТА СОСТОЈБА НА ГОТОВНОСТ

### 1. За Битола и блиски населени места

| Реден број | Име на возило или машина | Број на маши-ни | Работ-ници |
|---|---|---|---|
| 1 | Камион со посипувач и плуг | 3 | 3 |
| 2 | Бобкет 763 | 1 | / |
| 3 | Бобкет 863 | 1 | / |
| 4 | ЈЦБ со нож | 2 | 2 |
| 5 | Утоварач со нож | 1 | 1 |
| 6 | Трактор со нож и синџир | 1 | 1 |
| 7 | Трактор со посипувач | 2 | / |
| | **Вкупно:** | **11** | **7** |

### 2. За Бистрица, Кравари, Оптичари. Егри, Крстоар, Олевени, Барешани, Канино, Велушина, Острец, Кишава, Граешница, Лажец, Жабени, Породин Драгош, Меџитлија и Кременица

| Реден број | Име на возило или машина | Број на маши-ни | Работ-ници |
|---|---|---|---|
| 1 | Камион со нож и соларка | 1 | 1 |
| 2 | ЈЦБ со нож | 1 | 1 |
| 3 | Трактор со нож и посипувач | 1 | / |
| 4 | Трактор со нож и посипувач | 1 | / |
| | **Вкупно:** | **4** | **2** |

**3. За Цапари, Ротино, Кажани, Доленци, Лера, Ротино, Г.Српци, Рамна, Ѓавато и Малоишта.**

| Реден број | Име на возило или машина | Број на машини | Работници |
|---|---|---|---|
| 1 | Камион со нож и соларка | 1 | 1 |
| 2 | ЈЦБ со нож | 1 | 1 |
| 3 | Трактор со нож и посипувач | 1 | / |
| | **Вкупно:** | **3** | **2** |

**4. За Кукуречани, Црно Буки, Лисолај, Драгожани, Лопатица, Змирнево, Секирани, Габалавци, Црнеец.**

| Реден број | Име на возило или машина | Број на машини | Работници |
|---|---|---|---|
| 1 | Трактор со нож и посипувач | 1 | / |
| 2 | ЈЦБ со нож | 1 | 1 |
| | **Вкупно:** | **2** | **1** |
| | **Сè вкупно:** | **18** | **12** |

## СПОРЕД ПОТРЕБА

| Реден број | Име на возило или машина | Број на машини | Работници |
|---|---|---|---|
| 1 | Камион со плуг | 1 | 1 |
| 2 | Трактор со приколка | 2 | 4 за утовар на снег и мраз |
| 3 | Камион | 1 | / |
| 4 | Тамче | 1 | 2 за утовар на снег и мраз |
| 5 | Грејдер | 1 | 1 |
| 6 | Багер | 1 | 1 |
| 7 | Пајак возило | 1 | 1 |
| 8 | Бобкет со утоварна корпа | 1 | / |
| | **Вкупно:** | **9** | **10** |

**Напомена: Цената на возило-пајак (ден/час) ќе се утврди со решение од Комисија на јавни набавки на Општина Битола на претходно доставена калкулација од КЈП „Комуналец„ Битола**

**В. МАТЕРИЈАЛИ ЗА СЕЗОНА 2016/2017**

| Реден број | Материјали | мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| **1** | **Индустриска сол** | **т** | **300,00** |
| **2** | **Песок-ризла** | **м³** | **100,00** |
| **3** | **Ладна асфалтна маса** | **т** | **30,00** |

## ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА

**1. МАТЕРИЈАЛИ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индустриска сол | т | 300,00 | 4.606,00 | 1.381.800,00 |
| Песок-ризла | м³ | 100,00 | 1.002,00 | 100.200,00 |
| Ладна асф.маса | т | 30,00 | 12.968,20 | 389.046,00 |
| Вкупно: | | | | 1.871.046,00 |

**2. ГРАДЕЖНА ОПЕРАТИВА**

| | |
|---|---|
| Ефективна работа на возила | 5.618.200,00 |
| Маш. и возила во приправност | 6.009.042,00 |
| Вкупно: | 11.627.242,00 |

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | МАТЕРИЈАЛИ | 1.871.046,00 |
| 2 | ГРАДЕЖНА ОПЕРАТИВА | 11.627.242,00 |
| | Вкупно: | 13.498.288,00 |

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-116/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општината Битола за 2016/2017 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општината Битола за 2016/2017 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2016 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1301/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.11.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општината Битола за 2016/2017 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општината Битола за 2016/2017 година
2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-116/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Локален еколошки акционен план за животна средина на Општината Битола**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Локален еколошки акционен план за животна средина на Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2016 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1301/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.11.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Локален еколошки акционен план за животна средина на Општината Битола**

1. СЕ УСВОЈУВА Локален еколошки акционен план за животна средина на Општината Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-116/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2016 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за процена на штети од елементарни непогоди на подрачјето на Општината Битола

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за процена на штети од елементарни непогоди на подрачјето на Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1301/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.11.2016 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2016 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за процена на штети од елементарни непогоди на подрачјето на Општината Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата Комисијата за процена на штети од елементарни непогоди на подрачјето на Општината Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-116/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2016 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2015/16 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2015/16 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1301/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.11.2016 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 121 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13…..27/16) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седниците одржани на 14.11.2016 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Годишниот извештај за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2015/16 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2015/16 година, предложен од Управниот одбор на Установата.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-116/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
